ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА
ИН-ПУМА
URBAN PLANNING, TRAFFIC AND ENVIRONMENTAL INSTITUTE

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ
## ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

# БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034

# ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2

## ОПШТИНА ВЕЛЕС

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2020-2025

Makedonski Telekom CA, Elena Andreeva

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Elena Andreeva
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=IN-PUMA DOO Skopje-4030991229400, serialNumber=CRT3512467, cn=Elena Andreeva
Date: 2020.05.29 11:34:54 +02'00'

Borislav Josifov

Digitally signed by Borislav Josifov
DN: o=IN - PUMA DOO Skopje, c=MK, email=inpuma@t-home.mk, sn=Josifov, givenName=Borislav, cn=Borislav Josifov
Date: 2020.05.29 11:35:36 +02'00'

СКОПЈЕ, МАЈ 2020

| | |
|---|---|
| Место: | Општина Велес |
| Нарачател: | Макпетро АД - Скопје |
| Доносител: | Општина Велес |
| Предмет: | Планска програма за **ДУП Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес** |
| Извршител: | **ИН-ПУМА** Институт за урбанизам, сообраќај и екологија |
| Адреса: | Булевар Кузман Јосифовски Питу 19/6-9 |
| | Поштенски фах 34, Скопје |
| Телефон: | 2461-451 2461-571 |
| e-mail: | inpuma@t-home.mk |
| Работен тим: | Елена Андреева, дипл. инж. арх.<br>Богдан Настески-Герман, дипл. инж. арх.<br>Елена Јовановска, дипл. инж. арх.<br>Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх. |
| Фаза: | Планска програма |
| Технички број: | 80/2020 |
| Датум на изработка: | Мај 2020 |

**РАБОТЕН ТИМ:**

Елена Андреева, дипл. инж. арх.
Богдан Настески-Герман, дипл. инж. арх.
Елена Јовановска, дипл. инж. арх.
Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх.

**УПРАВИТЕЛ**

Борислав Јосифов, дипл. инж. арх.

Број: 0809-50/150120200014466

Датум и време: 2.4.2020 г. 12:37:00

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| ЕМБС: | 4237447 |
| Назив: | ИН-ПУМА Институт за урбанизам,сообраќај и екологија ДОО Скопје |
| Седиште: | БУЛЕВАР КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ бр.19-6/9 СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| Предмет на работење: | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| Приоритетна дејност/ главна приходна шифра: | 71.11 - Архитектонски дејности |
| Други дејности во внатрешниот промет: | Нема |
| Евидентирани дејности во надворешниот промет: | Има |
| Одобренија, дозволи, лиценци, согласности: | Нема |

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава:

# *ЛИЦЕНЦА*

## ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

**ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје**

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

**ул. БУЛЕВАР КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ бр.19-6/9 СКОПЈЕ- АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ, ЕМБС: 4237447**

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **06.02.2026 година**

Број: **0105**

**06.02.2019 година**
(ден, месец и година на издавање)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**

**Горан Сугарески**

Врз основа на член 7 и член 18 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со изработка на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес**, ИН-ПУМА Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија од Скопје го издава следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ**

За изработка на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес**,технички број 80/2020, како извршители се назначуваат:

| | |
|---|---|
| Планерпотписник : | Елена Андреева, дипл. инж. арх. |
| Планери/ Соработници: | Богдан Настевски Герман, дипл. инж. арх.<br>м-р Елена Јовановска, дипл. инж. арх.<br>м-р Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх. |

Планерите се должни планот да го изработат согласно Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

**УПРАВИТЕЛ**

Борислав Јосифов, дипл. инж. арх

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

**ЕЛЕНА АНДРЕЕВА**
**дипломиран инженер архитект**

Овластувањето е со важност до: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: 0.0413

Издадено на: 14.09.2015 год.

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

# СОДРЖИНА

## ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

**ПЛАНСКА ПРОГРАМА ..... 5**

1. ВОВЕД..... 5
2. ЦЕЛИ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС..... 5
3. ОСНОВА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС ..... 6
4. ГРАНИЦА И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС..... 6
5. ВАЖЕЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ..... 7
6. КОНЦЕПТОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ СО ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС..... 8

## ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД ВЕЛЕС 2003-2018
2. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД ВЕЛЕС ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОСНОВНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА 2008-2018
3. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА..... 1:1000

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА

## 1. ВОВЕД

Во согласност со член 26 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) Деталниот урбанистички план се изработува врз основа на Планската програма, што се состои од текстуален и од графички дел, со која се утврдуваат границата и содржината на планскиот опфат.

Во согласност со член 26 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) Планската програма за изработување на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес, по барање на Макпетрол АД Скопје** е изработена од правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови **ИН-ПУМА Скопје**.

## 2. ЦЕЛИ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС

Основна цел на Деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат со одредбите од ГУП на Град Велес, 2003-2018. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри во ГУП што се однесуваат на УБ 23, УЕ 2.

Цел на изработувањето и донесувањето на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес,** е да се обезбедат услови за изградба и функционирање на објектите во рамки на опфатот.

Со Деталниот урбанистички план, да се преиспита сообраќајното решение, пешачките површини и површините за јавно зеленило и да се обезбеди повисок стандард на јавниот простор.

Да се создадат подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.

## 3. ОСНОВА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС

Со Програмата „Ф" за урбано планирање на Општина Велес, планирано е изработување и донесување на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес**.

Основа за изработување на Деталниот урбанистички план се ГУП на Град Велес, 2003-2018, ГУП на Град Велес Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа 2008-2018 и ажурираната геодетска подлога.

Изработувањето и донесувањето на Деталниот урбанистички план да биде во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план надвор од населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. весник на РМ" бр.142/15), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

## 4. ГРАНИЦА И ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС



Слика 1 Граница на плански опфат

Границите на Градската четврт се дефинирани со ГУП на Град Велес, 2003-2018, со површина од 1,03ха и се движи:

- На **север** по осовината на улицата „Академик Пенчо Давчев"
- На **исток** по осовината на улицата „Академик Пенчо Давчев"
- На **запад** по осовина на траса на железница Скопје - Велес.

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| X= | 4620188.1550 | Y= | 7565939.8192 |
| X= | 4620175.6034 | Y= | 7565932.7570 |
| X= | 4620171.2519 | Y= | 7565916.3438 |
| X= | 4620323.8250 | Y= | 7565877.5060 |
| X= | 4620373.3584 | Y= | 7565856.2243 |
| X= | 4620384.6395 | Y= | 7565884.5973 |
| X= | 4620385.9290 | Y= | 7565906.8445 |
| X= | 4620355.2253 | Y= | 7565930.9956 |
| X= | 4620343.0778 | Y= | 7565932.5476 |
| X= | 4620328.0521 | Y= | 7565933.3849 |
| X= | 4620328.0521 | Y= | 7565933.3849 |
| X= | 4620321.5320 | Y= | 7565934.0322 |
| X= | 4620306.4842 | Y= | 7565935.2902 |
| X= | 4620287.7283 | Y= | 7565936.5611 |
| X= | 4620269.5994 | Y= | 7565937.6829 |
| X= | 4620250.1834 | Y= | 7565939.5267 |
| X= | 4620243.6187 | Y= | 7565940.3641 |
| X= | 4620238.1300 | Y= | 7565941.7753 |
| X= | 4620217.1182 | Y= | 7565951.1296 |
| X= | 4620188.1550 | Y= | 7565939.8192 |

## 5. ВАЖЕЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес** е дефиниран со важечката планска документација:

- Генерален урбанистички план на Град Велес, 2003-2018 (Одлука бр.0701-2035/2 од 30.05.2016 г.) и
- Генерален урбанистички план на Град Велес, Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа 2008-2018 (Одлука бр.07-4887/1 од 07.10.2008 г.)

## 6. КОНЦЕПТОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ СО ДУП БЕНЗИНСКА СТАНИЦА 034, ДЕЛ ОД УБ 23, УЕ 2, ОПШТИНА ВЕЛЕС

планскиот опфат му припаѓа на северо западниот дел на градот и претставува делумно изградено подрачје со дефинирани содржини на објекти за домување и инфраструктурни објекти.

Анализата на просторниот потенцијал на Урбаниот блок, посебните одредби - нумерички показатели што произлегуваат од ГУП на Град Велес и Планската програма ќе бидат платформа за изработување на планот во рамките на концептот за организација на просторот.

Планскиот период на Деталниот урбанистички план се предвидува да го опфати периодот од 2020 до 2025 година.

Во рамки на планскиот опфат намените одредени со ГУП на Град Велес, 2003-2018 се:

- БС - Бензинска станица
- ЗЗ - Заштитно зеленило

Согласно генералниот урбанистички план во рамки на планскиот опфат дозволено е планирање на намени:

Д - Зеленило и рекреација
- Д2 - Заштитно зеленило

Е - Инфраструктура
- Е1 - Комунална инфраструктура
- Е2 - Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица)

Со Деталниот урбанистички план да се предвиди задржување на просторниот концепт на изградените објекти и да се обезбеди повисок стандард на зеленилото и на јавниот простор, да се дооформи сообраќајната инфраструктура и да се обезбеди пристап до секоја парцела, почитувајќи ги одредбите зададени со Генералниот урбанистички план.

Планирањето на новите површини за градба, висината на градбата, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на просторот околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање, како и другите урбанистички параметри да бидат во согласност со важечките  стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, но одредени според специфичноста на основната класа на намена.

Снабдувањето со вода, одводот на отпадните води треба да се предвиди во сепарационен систем на канализација (атмосферска и фекална), во согласност со планираните параметри за водоводната и за канализациската мрежа. За снабдување со електрична енергија ќе се користат постојните трафостаници и ќе се предвидат и локации за нови трафостаници.

При изработувањето на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес** да се почитуваат сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.